Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Седумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 1 септември 2022 година

Скопје, септември 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Седумдесет и седмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 1 септември 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 10:15 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците

На седницата учествуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, Зоран Маневски, заменик на министерот за економија и м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура.

На седницата не учествуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата: Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука и доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација во врска со измена на Тендерската документација и на Јавниот повик бр. 03/2022 за избор на вршител на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија, Јавниот повик бр.04/2022 за избор на вршител на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија и Јавниот повик бр. 05/2022 за избор на вршител на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со измена на Тендерската документација и на Јавниот повик бр. 03/2022 за избор на вршител на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија, Јавниот повик бр.04/2022 за избор на вршител на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија и Јавниот повик бр. 05/2022 за избор на вршител на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја одобри измената на Тендерската документација по Јавен повик бр. 03/2022 за избор на вршител на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија и измената на Јавниот повик бр. 03/2022 за избор на вршител на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија.

2. Ја одобри измената на Тендерската документација по Јавен повик бр.04/2022 за избор на вршител на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија и измената на Јавниот повик бр.04/2022 за избор на вршител на енергетска дејност дистрибуција на топлинска енергија.

3. Ја одобри измената на Тендерска документација по Јавен повик бр.05/2022 за избор на вршител на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија и измената на Јавниот повик бр. 05/2022 за избор на вршител на енергетска дејност снабдување со топлинска енергија.

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 3</u>**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози предлози.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 10:25 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Д-р. Артан Груби**